# ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН

ГЕВГЕЛИЈА

Март, 2023 - Број 100



# СОДРЖИНА


Стр. 3
**Тема**



Стр. 4-5
**Извештај**



Стр. 6-7
**Презентација**



Стр. 8-11
**Актуелно**



Стр. 12-13
**Интервју**



Стр. 14-15
**Хроника**



Стр. 16-17
**Култура**



Стр. 18-19
**Калника 2023**



Стр. 20-21
**Разговор**



Стр. 22-23
**Млади**



Стр. 24-25
**Спорт**



Стр. 26-27
**Мозаик**







## СТОТИ БРОЈ НА ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН

Во 2004 година, излезе првиот број на општинското гласило ГЕВГЕЛИЈА ИНФО, кое подоцна се преименуваше во ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН. Меѓутоа, целта остана иста - да ги информира граѓаните на општина Гевгелија и пошироко за се она што се случува во општината, за активностите на Локалната самоуправа и за остварувањата на луѓето, кои со својата работа и активност придонеле за афирмација на општина Гевгелија. Стотиот број е најдобра потврда дека во изминатите скоро две децении ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН е и останува единственото печатено гласило на овие простори, кое продолжува да ги информира граѓаните за локалните случувања, активности и остварувања...

# УСПЕШНО СЕ СПРАВИВМЕ СО ПРЕДИЗВИЦИТЕ



ТЕМА

Годината што е зад нас, беше исполнета со многу предизвици и проблеми како резултат на енергетската, а со тоа нормално и економска криза. На самиот почеток од 2022 година, како најприоритетна се наметна потребата од намалување на трошоците за електрична енергија, посебно во делот на уличното осветлување, но, исто така, и во општинските установи. Со акциски план за заштеда и носење правилни одлуки, успеавме да ги намалиме трошоците и да ги ублажиме последиците. Обезбедивме услови за непречено функционирање на сите институции во надлежност на Општината. Истовремено, агилно работевме да ги реализираме планираните програмски активности и проекти за доброто на граѓаните. Посебен фокус ставивме на искористување на средствата од грантови и други извори на финансирање, со што успеавме да обезбедиме 129.122.207денари за реализација на 14 проекти, дел од нив крупни капитални проекти, кои ќе го подобрат секојдневието на нашите сограѓани.

Реализацијата на Основниот буџет во 2022 година, во значително влошени економско-енергетски услови, е повеќе од успешна. Зголемените буџетски приходи овозможија финансиска стабилност на општината што е основен предуслов за исполнување на надлежностите на локалната самоуправа. Минатата година, стартуваше изградбата на атмосферската канализација во Гевгелија, Негорци и Прдејци, со што жителите добија квалитетна вода за пиење, а во завршна фаза е новата водоводна линија за Богородица. Изграден е и пуштен во употреба Младинскиот дом во Прдејци, а со сопствени средства започна реконструкцијата на стариот објект на „Винојуг“ во Богородица и изградбата на стационарот за бездомни животни. Реконструирани и обновени се повеќе спортско-рекреативни терени во општината, изградени се улицата од Милци до граничниот премин „Богородица“ и улицата во стопанската зона „Блокотехна“, додека во повеќе населени места беа бетонирани и асфалтирани помали улици.

Изминатата година, приоритет беше даден на изработката на проекти, со кои аплициравме до повеќе домашни и меѓународни фондови. Станува збор за проекти во вкупна вредност од 148.056.865 денари кои ќе го поттикнат развојот на социјалните услуги, модернизација на стручното образование, подобрување на просторните услови во детските и културните установи. Посебно значајна беше туристичката промоција на општината, како и креирањето на туристичкиот идентитет на општина Гевгелија.

Исполнета е и обврската за формирање на Локалниот младински совет, кој веќе започна со своите активности за креирање подобри младински политики во нашата општина Организирани се обуки за најмладите во областа на драмската и ликовната уметност, музиката, литературата, а воведен е и бесплатен логопетски третман за деца со проблеми во вербалната комуникација. Заштитата на животната средина се манифестираше со профункционирање на Времената депонија и конечното финиширање на затворање на дивата депонија кај Сува Река. Стартуваше пилот проектот за рециклирање на комуналниот отпад во секое домаќинство, исто така, се обновија и дел од зелените површини.

Во изминатата 2022 година, покажавме дека можеме да се справиме со предизвици и да ги решиме новонастанатите проблеми. Верувам дека во 2023 година со стабилизацијата на кризата, ќе оствариме уште подобри резултати, а тоа ќе биде најдобра гаранција за спроведување на планираните активности во интерес на граѓаните. Гевгелија се менува и го подобрува својот лик!

**Андон Сарамандов**
Градоначалник
на општина Гевгелија

# ПРИОРИТЕТ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ



**Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, согласно своите надлежности, на последната седница, го информираше Советот на Општина Гевгелија за реализираните надлежности, активности и проекти во 2022 година.**

Општина Гевгелија во 2022 година, покрај активностите за ублажување на последиците од енергетската и економската криза, настојуваше да се обезбедат поволни услови за локален економски развој. За таа цел, фокусот беше ставен на подготвувањето на техничка документација за 12 проекти, со кои се аплицираше на јавните повици за финансирање. Истовремено, залагањата беа насочени кон унапредување на регионалната и прекуграничната соработка преку реализација на веќе одобрените проекти, но и подготовка на нови. За поттикнување на локалниот економски развој, од посебно значење беше обезбедувањето на урбанистички услови и градежни парцели за реализација на инвестиционите проекти на заинтересираните домашни и странски инвеститори.

Притоа, посебен акцент се стави на подобрувањето на комунална и патна инфраструктура, како предуслов за реализација на инвестиционите проекти. Имајќи предвид дека планирањето на локалниот економски развој, согласно Законот за локална самоуправа, е во надлежност на локалната самоуправа, изработката и донесувањето на Планот за локален економски развој 2023-2026 претставуваше приоритетна обврска. Овој документ јасно го дефинира развојниот пат на Општина Гевгелија, како економски просперитетна, урбанистички уредена општина, со поголема искористеност на обновливите извори на енергија и, секако - привлечна туристичка дестинација. Но, и општина со унапредено земјоделско производство, чиста животна средина, како подобрен квалитет на живот во урбаните и руралните средини. Ваквата долгорочна обврска, со поддршка од Американската агенција за развој (USAID) преку проектот: „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите" беше реализирана со дефинирање на идниот локален економски развој на Општината. Но, и преку конкретизирање на идните проекти, кои ќе овозможат позабрзан економски развој.

Општина Гевгелија, минатата година, стартуваше со Кампањата за промоција на туристичкиот идентитет на општината, како основа за поголема искористеност на туристичките потенцијали. Во процесот до утврдувањето на туристичкиот идентитет беа вклучени сите туристички чинители во општината, беше организирано опсежно истражување и беа одржани многу креативни сесии, кои резултираа со изготвување на прецизна SWOT анализа. Целиот процес беше заокружен со изборот на слоганот "Spice up the Jorney", односно „Зачини го патешествието", како заштитен знак на туристичкиот идентитет на Општина Гевгелија. Во рамките на утврдената туристичка платформа беше изработен промотивен материјал, отпечатени флаери на 3 јазици за сите туристички потенцијали, отворени фан-страници на социјалните мрежи, а беа изработени 5 кратки промотивни видеа за сите компаративни погодности и туристички потенцијали, како и едно генерално видео за промоција на вкупната туристичка понуда. Општина Гевгелија, своите туристички потенцијали ги презентираше успешно на 43. Меѓународен саем за туризам во Белград, претставувајќи се како привлечна туристичка дестинација на овие балкански простори, пред сè, во бањскиот, планинскиот и казинотуризмот, но и во другите туристички групи, кои поради компаративните предности овозможуваат развој на туризмот.



## РЕЦИКЛИРАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ ОТПАД

Општина Гевгелија, во соработка со ЈПКД „Комуналец", минатата година стартуваа со акцијата за рециклирање на комуналниот отпад, како во градот, така и во населените места. Проектот го спроведуваат ЈПКД „Комуналец" во соработка со Општина Гевгелија, преку кој, во првата фаза, беа опфатени само домаќинства, додека во 2023 следува испорака на поголема количина, како за домаќинствата, така и за правните лица. ЈПКД „Комуналец" изврши доставa на жолти пластични канти од 120 литри до корисниците, кои се бесплатни и се наменети исклучиво за одлагање сува хартија (картон), пластика (шишиња, фолии) и метални конзерви.

Целта на употребата на „втор сад" за комунален отпад е со примарна селекција на наведениот домаќински комунален отпад, да се намалат количините за транспорт на истиот до Времената депонија. Селектираниот отпад од жолтите канти се собира одделно од неселектираниот комунален отпад, а динамиката за подигање на овој тип отпад навремено се најавува. Во втората фаза од проектот, Општина Гевгелија и ЈПКД „Комуналец" ќе обезбедат поголем број канти за селекција на ваков тип отпад за секое домаќинство и правно лице на подрачјето на Општина Гевгелија.

# ОДОБРЕНИ 14 ПРОЕКТИ СО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ОД 148 МИЛИОНИ ДЕНАРИ

Во текот на изминатата година, на Општина Гевгелија и беа одобрени 14 проекти со вкупна вредност од 148.056.865 денари, чија реализација ќе уследи во 2023 година. Станува збор за проекти од разни области, кои значително ќе придонесат за развојот на Општина Гевгелија. Пред се, за развојот на социјалните услуги, преку обезбедување лични асистенти со попреченост во Општина Гевгелија. Но, и проширување на условите за згрижување на најмладите, реконструкција на Домовите на култура во Богородица и Моин, поставување урбана опрема и обука на младите луѓе.

Еден од таквите проекти е „Иновации, развој и вработување во земјоделско - прехранбениот сектор"(ИДЕАС), чија цел е младите кадри да ги користат алатките на т.н. паметно земјоделство. Проектот се имплементира со поддршка на ИПА-ППС со Грција, а ФЛОРИТ- Гевгелија е водечки партнер, додека останатите партнери се "American farm school" од Солун и Мрежата за рурален развој на РСМ. За модернизација на стручното образование и уредување на Иновативниот центар и бројните активности за оспособување на стручните кадри на СОУ „Јосиф Јосифовски" му се доделени 507.000 евра од страна на на RCF (Regional Challenge Fund) – Регионалниот фонд за предизвици. СОУ „Ј. Јосифовски" е едно од четирите средни



училишта и два факултета на национално ниво што успеја да добијат грант, од вкупно 123 апликации од 6 држави од Западен Балкан.

За реализација на овие проекти од страна на донаторите се обезбедени 129.122.207 денари, а Општина Гевгелија ќе учествува со 18.934.658 денари. За сите овие проекти, по успешната апликација, договорите веќе се потпишани, а од страна на Советот на Општина Гевгелија донесени се одлуки за сопственото учество. Тоа значи дека нивната реализација стартува во 2023 година.

# ПОДОБРЕНИ УСЛОВИ ЗА УРБАНО ЖИВЕЕЊЕ



Во Општина Гевгелија, во текот на 2022 година, извршено е значително проширување и подобрување на патната инфраструктура. Изградени се, реконструирани и бетонирани повеќе улици во Гевгелија и во населените места, во вкупна површина од 16.523 $м^2$. За таа цел, од Општинскиот буџет за изградба и реконструкција на општински патишта и улици и за бетонирање на помали улици и краци беа вложени 23.428.949 денари. Меѓу новоизградените улични површини се улицата во Стопанската зона „Блокотехна", улица во УБ 10.2 (крак на ул. „7 Ноември"), улица во Миравци, улица во Давидово и изградба на Новопланирана улица 6 од секундарна мрежа за мултинаменски комплекс „Милци" кај Гевгелија.

Минатата година, обновен е асфалтот на улична површина од 5.613 $м.^2$ и тоа, на улиците во Гевгелија, Давидово, Миравци и Милетково. Исто така, беше извршено и бетонирање на помали улици и краци во: Гевгелија, Моин, Богородица, Негорци, Миравци, Петрово и Смоквица, на вкупна површина од 8.133 $м.^2$. Во текот на минатата година, извршена е изградба и реконструкција на тротоари и патеки со вкупна површина од 1.327 $м.^2$. Покрај тековното одржување на локалните патишта, извршено е проширување на кружниот тек во Негорци, проширување на просторот пред Младинскиот дом во Прдејци и изведбени работи во Миравци. Додека пак, за сообраќајна сигнализација беа издвоени 700.000 денари, кои средства беа наменети за машинско обележување со хоризонтална сигнализација на 8.800 $м.^2$ улична површина.

Општина Гевгелија е една од ретките општини, која е покриена со сообраќајна вертикална сигнализација, според современите европски стандарди. Подобрувањето на локалната улична мрежа ја следеше и соодветно сообраќајно обележување, со што значително е зголемена безбедност во сообраќајот. Во текот на 2022 година, поставена е и уредена сообраќајна сигнализација во Гевгелија,во вредност од 700.000 денари.

# НОВА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА

Во текот на минатата година, почнаа изведбените работи за проширување и подобрување на комуналната инфраструктура во Општина Гевгелија. Покрај финиширањето на капиталните еколошки проекти, беа реализирани и неколку значајни инвестициони проекти за подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните. Со изградбата на атмосферската канализација на една третина од подрачјето на Гевгелија и обезбедувањето на квалитетна вода за пиење за околу 5.500 жители во населените места Негорци, Прдејци и Богородица, граѓаните ќе добијат поквалитетни комунални услуги. Вкупно реализираната инвестициона активност за проширување и подобрување на водоводната и канализационата мрежа изнесува 78.080.107 денари.

По низа години, Негорци и Прдејци добија квалитетно водоснабдување со приклучување на цевководот на водоснабдителниот систем во Гевгелија, во должина од 6.405 метри, во вредност од 24.728.826 денари. Извршена е рехабилитација на цевковод за водоснабдување од Гевгелија до Богородица, со должина 904 метри, во вредност од 3.088.255 денари. Исто така, поставена е нова атмосферка канализација на улиците „Јосиф Јосифовски", „Ристо Фаршинин", „Илинденска" со придружните краци, во должина од 3.560 метри, во вредност од 40.255.669 денари. Нова атмосферска канализација е изградена и на улицата „Никола Карев" и дел од улицата „Серменинска", во должина од 980 метри и вредност на работите од 12.291.844 денари.



# ГЕВГЕЛИЈА ГИ ПРЕЗЕНТИРАШЕ СВОИТЕ ЕКОНОМСКИ ПОТЕНЦИЈАЛИ ПРЕД ДИПЛОМАТСКИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ОД 23 ЗЕМЈИ



Гевгелија беше домаќин на дипломатските претставници од 23 амбасади, предводени од 9 амбасадори и економски советници. На овој дипломатски економски карван, што беше организиран во соработка со Министерството за надворешни работи, Бирото за регионален развој и Центарот за развој на ЈПР, беа презентирани економските потенцијали на Општина Гевгелија и можностите за инвестирање. На настанот во хотел „Аполонија", присуствуваа амбасадорите на: Аргентина, Косово, Италија, Монголија, Белгија, Јапонија, Египет, Шпанија и Австралија, како и економски советници од 14 амбасади во Скопје, Софија и Белград. Исто така, на средбата присуствуваа: заменик-министер на МНР, Фатмире Исаки; директорот на Бирото за рамномерен регионален развој, Рамиз Реџепи; директорот на Центарот за развој на Југоисточниот Плански Регион, Ѓоко Камчев; претставници на државните и локалните органи и бизнис-заедницата во општина Гевгелија.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, на гостите им посака добредојде во најјужниот град на нашата земја, препознатлив по својата отвореност и гостопримство. Низ Општина Гевгелија минува транзитниот коридор 10 и меѓународната железничка пруга Скопје-Солун, низ кои годишно транзитираат над 7 милиони патници. Општина Гевгелија, се наоѓа крај самата државна граница со Република Грција, низ нејзината територија минува транзитниот Коридор 10 и меѓународната железничка пруга Скопје-Солун, низ кои годишно транзитираат над 7 милиони патници. Ваквата местоположба, поволната медитеранска клима и компаративните предности овозможија со години по ред Гевгелија да биде привлечна туристичка дестинација, но и препознатлив производствен центар.

- За поголема искористеност на економскиот потенцијал, Општина Гевгелија е отворена за соработка и на заинтересираните инвеститори им нуди поволни услови за развој на нивните проекти. Како Локална самоуправа, денес ќе ви презентираме дел од нашите идејни концепти за поголема искористеност на






геотеремалните наоѓалишта во општина Гевгелија, поволните туристички погодности на Кожуф Планина и заштитата на богатото културно наследство. Општина Гевгелија ги поддржува и промовира сите новитети, иновации и технолошки решенија од интерес на граѓаните од општината. Истовремено, наша цел е да ги искористиме компаративните предности кои ни се на располагање, да обезбедиме современа инфраструктура и одржлива животна средина, како услови за отворање нови и инвестициски можности и поттикнување на економскиот развој, рече градоначалникот Андон Сарамандов.

Пред присутните дипломатски претставници, раководителката на Секторот за урбанизам, градежништво и просторно планирање при Општина Гевгелија, Ирена Томчев, ги презентираше идејните проекти за урбанизирање на просторот и уредување на туристичка населба крај браната „Конско", за ревитализација на Старата чаршија во Гевгелија заради заштита на ова значајно културно наследство, како и за поголема искористеност на геотермалните води кај Смоквица за потребите на земјоделството, но и воопшто за затоплување на станбените и други објекти.

Исто така, пред дипломатите и економските претставници своите производни капацитети и можности за инвестирање ги презентираа и компаниите „Конти Хидропласт", најголемиот производител и извозник на полиетиленски цевки на Балканот и пошироко, винаријата „Ригоимпекс", која извезува 18 милиони литри вино годишно и „Вори", која целото свое производство на преработки од зеленчук и овошје го пласира на странскиот пазар. Додека, деканот на УГД „Гоце Делчев" од Штип, д-р Татјана Бошков, ги презентираше активностите и можностите што ги нуди Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија.

# ПОГОЛЕМА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ

**- Општина Гевгелија пред дипломатските претставници ги презентираше идејните концепти за поголема искористеност на планинскиот туризам, геотермалните води и заштита на културното наследство**

## Туристичка населба - Конско



Со изградбата на браната „Конско“ се отвора можност за изградба на висококвалитетна туристичка зона со атрактивна туристичка понуда и уникатни туристички производи за домашниот и меѓународниот туристички пазар. Оваа туристичка локација е на надморска височина од 550 метри, оддалечена е само 17 километри од Гевгелија и автопатот Е-75, така што е лесно достапна за домашни и за странски туристи. Една од најважните компаративни предности е тоа што оваа зона има извонредна природна локација. Новото Конско Езеро ќе претставува уникатно планинско езеро со чиста изворска вода погодно за сите видови туристички активности во текот на целата година.

## Ревитализација на Старата чаршија во Гевгелија



Старата чаршија во Гевгелија е споменик на културата и се наоѓа во заштитено подрачје во централното градско јадро на Гевгелија. По иницијатива на Градоначалникот на општина Гевгелија, изработен е конзерваторски проект, со кој се опфатени сите објекти кои ја сочинуваат Старата чаршија во Гевгелија. Исто така, во овој проект е предвидено партерно уредување со поплочување на улицата „Бранд Петрушев“ во должина од 100 метри. Старата чаршија потекнува од дваесеттите години на XX век и градбите се карактеристични за овој период.

## Искористување на геотермалните води кај Гевгелија

Околината на Гевгелија располага со значителни количества на геотермални води. При истражувањето на хидрогеотермалните наоѓалишта во гевгелискиот слив беа подготвени четири хемиски анализи: една од Смоквица, две од Негорска Бања и една од Горничет. Според хемискиот состав на водите од геотермалните извори кај Негорски Бањи и Смоквица, врз основа на пресметаните геотермометри, во хидрогеотермалната акумулација треба да се очекуваат температури од 75-100 степени Целзиусови. Со уредувањето на оваа локација се создаваат можности за обезбедување на висококвалитетна туристичка понуда. Но, и поголема искористеност на геотермалните води во земјоделството и централно затоплување на Гевгелија.

## Бизнис презентации



**Факултетот за туризам и бизнис логистика** во Гевгелија започнува со работа во 2008 година, а досега на овој факултет со дипломи се стекнале 6.342 студенти. Студентите во текот на своето школување имаат можност да се определат за една од четирите програми: Туризам и гостопримство, Хотелско-ресторантски менаџмент, Бизнис администрација и Бизнис логистика. Факултетот за туризам и бизнис логистија е дел од УГД „Гоце Делчев“ во Штип.

Компанијата **ВОРИ** започнува со преработки од зеленчук и овошје во 1991 година, а скоро целото производство - 99% се извезува. Преработките од зеленчук - Ајварот и Лутеницата, салатите од зеленчук, готовите јадења - Ѓувечот, Рижотото и Тавче-гравче, печурските и слаткото од смокви и лубеница, можат да се најдат и се мошне барани на пазарите во многу земји во светот. Пред се, поради квалитетните суровини - зеленчукот и овошјето од ова поднебје, како и целосно запазените светски стандарди за квалитет IFS, HALAL, HACCP. VEGAN, ISO 22000.







Компанијата **РИГО ИМПЕКС** е формирана во 1990 година кога се извезени првите количества вина во Германија, а во 2000 година е изградена Винарската визба во Гевгелија. Вкупен капацитет на визбата е 18.000.000 литри на вино, преработувачкиот капацитет – 23.000.000 кг грозје, а годишното производство 13.000.000 литри на вино. Компанијата располага и со 200 ха лозови насади со грозје за сопствени потреби. Целокупното производство на вино, поточно, 95% се извезуваат, од кои најголемиот дел 75 % за Германија, а другите количества во Канада, Кина и Србија.



Компанијата **КОНТИ ХИДРОПЛАСТ** започнува со работа со една производна линија за полиетиленски цевки во 1990 година. 33 години подоцна, компанијата располага со 5 производни хали на површина од 11.513 м$^2$, 28 производни линии, 13 видови на производи и капацитет за производство на 30.000 тони на полиетиленски и полипропиленски цевки. На почетокот, голем дел од производството се пласираше во соседните земји, а денес производите на „Конти Хидропласт“ се извезуваат во: Швајцарија, Германија, Австрија, Норвешка, Исланд, Данска, Италија, Чешка и Англија.

**Совет на Општина Гевгелија**

# ВО УСЛОВИ НА ЕКОНОМСКА КРИЗА, РЕАЛИЗИРАНИ ПОВЕЌЕ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ОД ИНТЕРЕС НА ГРАЃАНИТЕ



**Фондацијата „Ице Бегов“ од Скопје и донира на Општина Гевгелија наменско возило со пристапна рампа, кое ќе биде наменет за превоз на лица со телесен инвалидитет и друга попреченост. За таа цел, Советот на Општина Гевгелија донесе Одлука за прифаќање на донацијата од Фондацијата „Ице Бегов“.**

На последната 25. седница, на Советот на Општина Гевгелија, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, ги информираше членовите на Советот за неговата работа во 2023 година. Во излагањето, накратно се осврна на преземените мерки, активности и обезбедувањето услови за работа и функционирање на Општина Гевгелија, согласно надлежностите на локалната самоуправа и законските одредби, а во интерес на граѓаните. Притоа, нагласи дека Општина Гевгелија во текот на 2022 година своите надлежности ги остваруваше во значително влошени услови поради енергетско-економската криза. Затоа и приоритет беше даден на активностите за намалување на трошоците и заштеда на електрична енергија во мрежата на јавното улично осветлување. Секако, и за обезбедување услови за работа и функционирање на Општина Гевгелија и локалните институции, согласно надлежностите на локалната самоуправа.

По обраќањето на Градоначалникот, во расправата учествуваа повеќе членови на Советот на Општина Гевгелија. На последната седница Советот на Општина Гевгелија ги донесе Програмите за контрола на популацијата на бездомни кучиња и за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во општина Гевгелија за 2023 година. Од областа на урбанизмот, беа прифатени неколку иницијативи од баратели за изработка на урбанистички проекти и урбанистичко-планска документација. Исто така, беа усвоени и Завршните сметки на образовните и културните институции, како и буџетските документи на ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија.

# ОБЕЗБЕДЕНО УЧЕСТВО ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПАЗАРОТ ВО МИРАВЦИ И ДОПОЛНИТЕЛЕН НАСТАВЕН ПРОСТОР ВО ООУ „КРСТЕ МИСИРКОВ“

Советот на Општина Гевгелија, на последната седница, донесе Одлука за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проектот „Поставување монтажна урбана опрема во функција на пазар во н.м. Миравци, општина Гевгелија“. Општина Гевгелија со овој проект аплицира на Јавниот повик на Министерството за локална самоуправа за финансирање, а со него се предвидува поставување мобилна урбана опрема, поставување монтажна настрешница и монтажни тоалети од јавен карактер, како и еден тоалет за лица со посебни потреби. Средствата за сопствено учество во висина од 780.600 денари за реализација на овој проект ќе бидат обезбедени во Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година.

Исто така, Советот на Општина Гевгелија донесе и Одлука за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проектот „Техничка документација за нови регионални проекти“. Станува збор за изработка на техничка документација за адаптација и пренамена на спортската сала во



наставни простории и доградба на нова спортска сала во ООУ „Крсте Мисирков“во Гевгелија. Овој проект ќе се спроведува преку Југоисточен Плански Регион, по претходно одобрување од страна на Бирото за регионален развој. Сопственото учество на Општина Гевгелија ќе изнесува 682.834 денари од Буџетот за 2024 година, а вкупната вредност на проектот изнесува 3.414.172 денари.

**Средба на градоначалникот Андон Сарамандов со министерката Каја Шукова**

# ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА - ЗАЕДНИЧКИ ГРИЖА



Министерката за животна средина и просторно планирање, Каја Шукова при посетата на Општина Гевгелија оствари средба со градоначалникот на Општина Гевгелија, Андон Сарамандов. На средбата беше разговарано за утврдени приоритети во Општина Гевгелија за изградба на нови водоводни линии, канализациони системи, пречистителни станици и други проекти, кои се од посебно значење за граѓаните. Но, се и дел од заедничките настојувања на локалната самоуправа и Министерството за животна средина и просторно планирање за заштита на животната средина.

На средбата, исто така, беа разменети информации за тековните и планираните активности на Општина Гевгелија, пред се, за подобрување на комуналната инфраструктура во населените места. Но, и за реализација на подготвените проекти, кои ќе придонесат за поголема заштита на животната средина во Општина Гевгелија. Министерката Шукова го информираше домаќинот за начините на кои Министерството може да ја поддржи Општината за реализација на планираните проекти, преку тековните Програми на Министерставото, како и пристапот до нив. Притоа, ги најави јавните повици за одделни области од делокругот на работењето на Министерството за животна средина и просторно планирање, на кои Општина Гевгелија може да учествува, за изработка на техничка документација или со веќе подготвените проекти за реализација.

Министерката Шукова и градоначалникот Сарамандов ја посетија старата депонија кај Сува Река. При увидот беше констатирано дека по дислоцирањето и ревитализацијата на локацијата, старата депонија е веќе минато за Гевгелија. На локацијата во непосредна близина кај Прочистителната станица, поранешното ѓубриште е уредено во простор со засадена трева и садници дрвја. Проектот го реализираше Министерството за животна средина и просторно планирање преку Швајцарската агенција за развој, а со финансиска поддршка обезбедена од целосно неискористениот грчки грант за Прочистителната станица.

# 50.000 ДОЛАРИ ЗА ПРОЕКТИ ОД ГРАЃАНИТЕ ПРЕКУ ФОРУМИ НА ЗАЕДНИЦИ

Општина Гевгелија во наредните 18 месеци ќе биде дел од Програмата на УНДП „Зајакнување на општинските совети“, која има за цел подобрување на капацитетите на општината за транспарентно, одговорно и квалитетно испорачување на локални услуги. Со ова Програма, советниците ќе можат да добијат обуки за јавниот финансиски менаџмент, просторно и урбано планирање, добро управување и борба против корупција, меѓуопштинска соработка, родова рамноправност, животна средина и справување со кризи на локално ниво. Паралалено со ова програма, Општина Гевгелија ќе има можност да искористи грант во висина од 30.000 до 50.000 долари за проекти, кои ќе бидат избрани низ директна консултација со граѓаните преку Форуми во заедницата. Покрај доделените средства, Општина Гевгелија ќе учествува со сопствено финансиско учество за подобрување на квалитетот на живот во локалната заедница.

Дополнително, Општина Гевгелија ќе добие финансиска поддршка во висина од 10.000 до 12.000 долари наменети за воведување дигитални алатки за подобрување на отчетноста, транспарентноста и учеството на граѓаните во работата на општинските совети. Гевгелија е во втората група од 10 општини кои




ќе учествуваат во втората фаза на програмата „Зајакнување на општинските совети“. Програмата, со вкупна вредност од 6,6 милиони долари, ја финансираат Швајцарската влада и Министерството за локална самоуправа, а ја кофинансира и спроведува УНДП, во соработка со национални и локални партнери.

АКТУЕЛНО

# ПРИМЕНА НА ПАМЕТНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО



Фондацијата за локален развој и развој на информатичка технологија во Гевгелија, продолжува со реализацијата на проектот: ИДЕАС - Иновации, развој и вработување во земјоделско - прехранбениот сектор. Проектот се имплементира во рамки на Програмата за прекугранична соработка со Грција за периодот 2014-2020. ФЛОРИТ- Гевгелија е водечки партнер, а останатите партнери се American farm school од Солун и Мрежата за рурален развој на РСМ. Главна цел на проектот е идентификување и поддршка на нови деловни активности во земјоделско - прехранбениот сектор, кои имаат иновативен потенцијал и кои можат да станат мултипликатори на компаративните предности на регионот. На прес-конференцијата во хотелот „Аполонија" што ја организираше ФЛОРИТ - Гевгелија, беа презентирани годинашните активности предвидени со проектот. Притоа, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов истакна дека локалната самоуправа секогаш поддржува и промовира новитети, иновации и технолошки решенија, особено, во развој на земјоделството:

- Со овој проект ќе се врши и мониторинг на атмосферските влијанија и климатските промени, што значително ќе придонесе за подобрување на квалитетот и зголемување на приносите на земјоделското производство. Особено, ако се има предвид дека во последно време на земјоделските површини во општината никнуваат нови, главно, лозови насади, според најсовремените методи на одгледување.

Според проект-менаџерот и директор на ФЛОРИТ, Ристо Атанасовски, проектот ИДЕАС нуди решенија на идентификуваните предизвици преку промовирање на претприемништвото кај младите со цел да се создадат нови одржливи агро – бизниси. Помеѓу другото, тоа ќе се спроведува и со изучување и стекнување знаења за примена на податоци собрани од сензори, кои се анализираат и се преземаат потребните активности за постигнување на посакуваните цели. Инаку, проектот е финансиран од ЕУ и националните фондови на земјите учеснички, кои обезбедија 6.497.000 денари по одобрената апликација на Вториот повик на ИНТЕРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка „Грција – Република Северна Македонија".

***- Со проектот ИДЕАС ќе бидат поставени ЛОРА-метео станици на повеќе места во општината, ќе бидат организирани обуки и 5 вработувања за квалификувани лица од секторот.***

Проектните активности на ИДЕАС ги презентираше Глигор Тодоров од ГМ МЕТЕО, метереолошка софтверска компанија, посочувајќи дека паметното земјоделство, претставува употреба на информатички технолошки сензори, најсовремена технологија, системи за локација, роботи и вештачка интелегенција во земјоделството. Во склоп на проектот ќе бидат поставени ЛОРА-метео станици на повеќе места во општината за мониторинг на атмосферските влијанија и временските промени врз земјоделското производство. Покрај тоа, ќе бидат организирани обуки за воведување на добра земјоделска пракса, за безбедност на храна, за системи со управување со HACCP и ISO 22000, како и обуки за стратешки менаџмент, финансиски менаџмент, управување со ресурси и инвентар, мониторинг, аналитика, известување од аспект на проекти од областа на земјоделството, агротуризам, рурален развој. За времетраењето на проектот, до декември 2023, ќе бидат изработени веб платформа, мобилна и компјутерска апликација. Се очекува, со проектот да се обучат 20 лица, кои ќе ги зајакнат своите деловни капацитети, како и 5 вработувања за квалификувани лица од секторот.

**Преку ReLOaD2- Програмата на Западен Балкан**

# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА НОВИ ЧЕТИРИ ПРОЕКТИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Четири граѓански организации од Општина Гевгелија ќе имплементираат проекти во рамки на Reload 2- Програмата за Западен Балкан на УНДП. На објавениот повик на Општина Гевгелија и УНДП за финансирање на предлог-проекти во рамки на ReLOaD2- Програмата на Западен Балкан, аплицираа 9 граѓански организации, а по евалуацијата од страна на општинската комисија донесена е одлука финансиски да бидат поддржани 4 проекти: „Од станица до граница" - „Јас = Медиум", „Поддршка"- Гевгелија - „Еднакви права за сите", Фондација „Аполонија" - „Доживување на втора младост во трето доба", со буџет до 615.000 денари, како и Спа и Велнес Асоцијација на Македонија (СВАМ) - „Акција за здрави млади" со буџет до 1.845.000 денари.



Проектите треба да бидат реализирани до крајот на февруари, 2024 година. Ова беше втор повик за финансиска поддршка на проекти во рамки на Reload 2- Програмата за Западен Балкан, што Општина Гевгелија ја спроведува заедно со УНДП. Трите проекти од првиот повик веќе се во фаза на реализација.

# СЕРВИСНА УСЛУГА ЗА ПОМОШ НА РОДИТЕЛИТЕ И ДЕЦАТА

**- Проектот заеднички го реализираат Општинската организација на Црвен крст - Гевгелија и Општина Гевгелија**

Во Општина Гевгелија алармантно е зголемен бројот на родители, кои се повеќе бараат помош од стручни лица за рана интервенција, како и на децата во основните училишта во општината, кои имаат дисхармоничен развој и проблеми во учењето. Исто така, присутен е трендот на задоцнет говор кај децата, поголеми од 2 години, екранизмот како феномен, како и презаштитничкиот фактор на родителската грижа. Ова беше истакнато на прес конференцијата на Општинската организација на Црвениот крст- Гевгелија и Општина Гевгелија, на која беше промовиран проектот за деца и родители „Секое дете со својата автентичност".

- Црвениот крст Гевгелија ги стави на располагање своите човечки и материјални ресурси, и во консултации со стручни лица од Општина Гевгелија успеа да изработи предлог – идејно решение за воспоставување на локална програмска сервисна услуга наречена "Секое дете со својата автентичност", која за првпат ќе биде имплементирана и достапна во регионот и земјата. Ваквата сервисна услуга има за цел на нашите сограѓани – родители да им овозможи поддршка и помош во периодот на развој на нивните деца, истакна секретарот на ОО на Црвен крст Гевгелија, Лазар Мешков

Според Ружица Икономова, овој проект заеднички ќе го работат 4 специјални едукатори и рехабилитатори од општините Гевгелија и Богданци, а на одредени работилници ќе бидат вклучени логопед, психолог и психијатар. Мери Кузманова од Дневниот центар за лица со посебни потреби истакна дека токму младите родители имаат потреба од поголема едукација во врска со правилниот развој на нивните деца, за развојот на



говорот, адекватниот родителски пример во развојот на играта, како и градење на животни вештини кај детето преку личен пример. Во рамките на проектот ќе бидат изведени 8 работилници, во текот на наредните четири месеци, на теми кои се актуелни за типични и атипични деца.

Проектот го поздрави и му даде целосна поддршка градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов. Во секојдневната комуникација, со родителите, наставниците и Невладиниот сектор, заклучивме дека од ден на ден се зголемува бројот на деца, кои имаат потреба од стручна помош. Современата технологија и брзиот начин на живот не прават нас, несовршени родители и затоа сметам дека од ваков еден проект корист ќе имаат, како родителите, така и нивните деца, истакна Сарамандов, кој најави подготвеност за поддршка на вакви и слични проекти.

**По повод Денот на Црвениот крст и на крводарителството**

# ПЛАКЕТИ ЗА ГРАЃАНИТЕ СО 5, 10, 25 И 50 КРВОДАРУВАЊА

Општинската организација на Црвен крст - Гевгелија го одбележа 17 Март - Денот на формирањето на Црвен крст на Македонија и Денот на крводарителството со врачување Плакети на граѓани од општина Гевгелија за 10, 15, 25 и 50 крводарувања. На свечениот настан, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, им ги врачи Плакетите на пет наши сограѓани - Блаже Здравковиќ, Драган Делев, Горан Трајков, Никола Лазаров и Мите Ангелов, за 50 крводарувања. Притоа, им се заблагодари за нивната хуманост и придонесот во спасувањето на човечки животи. Исто така, Сарамандов упати и честитки до Црвен крст и сите крводарителите од општината по повод празникот и спроведените хуманитарни акции.

Од страна на секретарот на Црвен крст - ОО Гевгелија, Лазар Мешков, беа врачени Плакети



на граѓаните од општина Гевгелија за 10, 15 и 25 крводарувања. Притоа, изрази благодарност за ангажманот на сите сегашни и поранешни вработени, волонтери, партнери и поддржувачи за реализацијата на хуманитарни заложби и цели во текот на долгогодишното постоење на Црвениот крст. Општина Гевгелија на повеќекратните крводарители им даруваше пригодни подароци. Гевгеличани и овој пат ја потврдија својата хуманост со крводарителската акција, организирана по повод двата празника, на која беа собрани 81. единица крв.

**Лазар Мешков, секретар на Општинската организација на Црвен крст- Гевгелија**

# МЛАДИТЕ СЕ ДВИГАТЕЛИ ВО ХУМАНАТА ЦЕЛ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

**- Волонтерите на Клубот на младите се носители на повеќе активности.**
**- Обука на 12 сертифицирани лични асистенти кои ќе испорачуваат бесплатна услуга за 24 корисници**

**Гевгелија и Црвениот крст добија нов модерен објект, од какво значење е за активностите на Општинската организација?**

- Почетокот на мојот ангажман како секретар на Општинската организација на Црвен крст - Гевгелија и првите средби со младите надежи, започнаа во едни незавидни услови. Како растеа мотивацијата, желбата, делата и работата на Црвен крст - Гевгелија и волонтерите од Клубот на млади, се наметна потребата за изградба на нов објект кој ќе ги задоволи работните потреби на организацијата. Со поддршка на Централната канцеларија на Црвен крст на РСМ и партнери – донатори од нашата средина успеавме после половина век да се стекнеме со она што денес е Црвен крст - Гевгелија: нов, модерен, функционален и приспособен центар со достапни ресурси за едукација, работа и творење за подобро утре на сите граѓани.

**Првите посети и активности се одвиваат во нов амбиент?**

- Нескромно е да се каже дека Црвен крст - Гевгелија стана препознатлив симбол и двигател на многу активности во нашиот регион. Црвен крст - Гевгелија и волонтерите од Клубот на млади се вистински пример



за успешни и позитивни промени кои ги правиме секојдневно. Тоа беше потврдено и при посетата на претседателот на Република Северна Македонија, г-дин Стево Пендаровски, кој во рамките на проектот „Лице в лице" остварува средби со лица и организации од државата, кои ги испишуваат своите успешни приказни. При неговата посета на Црвен крст - Гевгелија, имавме можност да ги претставиме нашите дела, активности и досегашни постигнувања во работата, историскиот развој и придонесот на истакнати лица во работата на Црвениот крст, да ја презентираме хуманата страна на градот и белегот кој го оставаат нашите млади во заедницата.

**Постојано сме сведоци на апелите за поддршка и развој на крводарителството, на што се должи ваквата посветеност?**

- Крводарителството е највисок акт на хуманоста, бидејќи со дарување на крв секој може да придонесе за спас на нечиј живот. Како Црвен крст - Гевгелија, наша првенствена цел беше да ја вратиме Гевгелија и околината на мапата на градови кои посветено го исполнуваат годишниот стандард за крводарување, а со тоа придонесуваат за континуирано одржување и ажурирање на државните крвни резерви. Од друга страна, крводарувањето за нас претставува херојски чин, со кој секој од нас може да придонесе за продолжување на нечиј живот. Затоа, традиционално и оваа година по повод Денот на крводарителството - 17 Март ги наградивме со признанија и пригодни подароци хероите од нашата средина - крводарителите со 10, 20, 25 и 50 крводарувања. Апелираме до граѓаните, кои се во можност да даруваат крв и да придонесат крвта да го чека болниот, а не болниот да чека крв!

**На различни локации во градот може да се сретнат инспиративни цртежи со елементи од Црвен крст?**

- Првиот цртеж го направиме по повод одбележувањето на Неделата на млади, кога на младите им овозможивме да уредат катче во градот со мотиви за сопствениот придонес во работата на Црвениот крст. Во консултации со младите, избравме тоа да биде трансформатор за електрична енергија, на кои не секогаш се испишани пријатни пораки. Откако идејата беше одобрена, беше изработен и првиот градски цртеж исполнет со симболи на Црвениот крст со пораката: „Нашата приказна продолжува со тебе". Потоа, по организираниот Уметнички конкурс за млади таленти од нашата заедница, решивме победничкиот цртеж да го претвориме во поголем формат, кај спортската сала во градот. Соработката со Атлетскиот клуб „7 Ноември" од Гевгелија, по повод Седмоноемвриската трка, решивме да ја преточиме во уште еден препознатлив цртеж на локација која е дел од рутата за трката.



**Каква е улогата на младите во Црвениот крст?**

- Младите се двигателот на нашата организација. Тие се полни со енергија, ведрина, мотивираност и желба да направат трајни промени во нашата заедница, а тоа го покажуваат и повеќе од 4.000 до 5.000 волонтерски часови на годишно ниво. Во секој млад волонтер присутен во нашата организација, но и надвор од неа, гледаме личност полна со мотив, волја и труд да даде дел од сопствените идеи и да придонесе направи промена во заедницата, во која живееме. Младите со својата пожртвуваност, вложен труд и време во служба на хуманоста допираат до сечие срце, носат насмевки на сечие лице!

**Каква е улогата на младите во Црвениот крст?**

- Младите се двигателот на нашата организација. Тие се полни со енергија, ведрина, мотивираност и желба да направат трајни промени во нашата заедница, а тоа го покажуваат и повеќе од 4.000 до 5.000 волонтерски часови на годишно ниво. Во секој млад волонтер присутен во нашата организација, но и надвор од неа, гледаме личност полна со мотив, волја и труд да даде дел од сопствените идеи и да придонесе направи промена во заедницата, во која живееме. Младите со својата пожртвуваност, вложен труд и време во служба на хуманоста допираат до сечие срце, носат насмевки на сечие лице!

**Во Гевгелија преку меѓуопштинска соработка, за прв пат, ќе се развива достапноста на социјалните услуги?**

- Преку социјалните услуги на граѓаните на кои им е потребно, им се нуди достапна помош и поддршка, а од друга страна на невработените лица им се озвомозжува



стекнување знаење и вештини за испорачување на услугите и можност за стекнување работно искуство. Црвен крст- Гевгелија, како давател на услугата преку меѓуопштинска соработка со Општина Гевгелија и Општина Богданци, ги обединија капацитетите за развој на услугата за лична асистенција на лица со попреченост на локално ниво. Заеднички беше подготвен предлог-проект со соодветен плански развој и буџетска рамка, кој беше поддржан од Светска банка и Министерството за труд и социјална политика. Со финансиска помош во двете средини ќе бидат достапни 12 лица – обучени и сертифицирани лични асистенти кои со целосна посветеност и квалитет ќе ја испорачуваат услугата за лична асистенција во домот, бесплатно, за потенцијални 24 идни корисници. Личните асистенти преку стекнатите знаења и вештини, а потпомогнати со опрема, средства и другите човечки ресурси од проектот, обединети во еден лиценциран Центар за лична асистенција во Гевгелија, ќе бидат предводници, за прв пат на локално, но и на регионално ниво, преку еден ваков развоен проект за помош за граѓаните.

**Првата помош е есенцијален сегмент од нашите животи, каков е придонесот на Црвен крст-Гевгелија во едукацијата на граѓаните за прва помош?**

- Црвен крст секогаш првично асоцира на достапноста на едукација по прва помош за идни возачи и работни организации. Но, како Црвен крст- Гевгелија, ваквата едукација за прва помош ја прошируивме и за млади лица, ученици. Во рамките на Националната кампања по прва помош, која ја спроведе Црвениот крст на РСМ под мотото: „Првата помош спасува



живот!", поддржана од Министерството за здравство и Министерството за образование, Црвен крст - Гевгелија спроведе обука на 422 ученици во основните и средните училишта во Гевгелија, Богданци и Дојран. На овие обуки, учениците од локалните училишта имаа можност да се стекнат со идентични знаења и вештини по прва помош како и нивните врсници од училиштата во земјата.

**Кои се Вашите идни планови и проекти?**

- Наскоро треба да отпочне реализацијата на програмската локална сервисна услуга – „Секое дете со својата автентичност" која за првпат се имплементира и која на родителите и на самите деца ќе им овозможи бесплатна стручна помош во детскиот развој од страна на стручни лица во областите на специјална едукација, психологија, логопедија и сл., поддржана од Општина Гевгелија. Понатаму, Црвен крст - Гевгелија има во план да опреми и стави на располагање рекреативен парк за граѓаните и нивните миленици, кој ќе ја поттикне поголемата искористеност на природата за рекреација.

**Каква е соработката на Црвен крст - Гевгелија со Општина Гевгелија?**

- Заеднички реализираните активности зад нас говорат повеќе од илјадници зборови. Црвен крст - Гевгелија, како најголема хуманитарна организација со најдолг општествен статус и дејности на работа на локално ниво секогаш наидува на позитивна соработка и поддршка од страна на Општина Гевгелија, одговорните лица и Градоначалникот. Партнерската соработка е поттикната од потребата да се ставиме во служба на граѓаните и нивните потреби, секаде во секое време и на секое место!

**Црвен крст - Гевгелија остварува и регионална соработка?**

- Црвен крст- Гевгелија функционира како општинска организација на подрачјата на општините Гевгелија, Богданци и Дојран, со кои имаме добра соработка. Затоа, и поддршката која ја добиваме од Централната канцеларија на ЦКРСМ и генералниот секретар, д-р Саит Саити, кој за сите овие години успеа да направи ценета организација со реноме на национален, но и на меѓународен план, е неминовна. Покрај тоа, вратите на Црвениот крст- Гевгелија се отворени за сите лица и организации кои сакаат да се приклучат на промените, кои ги носиме. За тоа сведочат партнерските соработки и активности со институции, компании, здруженија и организации од различни области, како што се здравството, социјалните и образовните сфери, спортот, културата, младинскиот развој и слично. Како Црвен крст Гевгелија, остануваме и понатаму отворени за вакви соработки, заедно обединети, заедно мотивирани за заеднички поуспешни дела!

# ЗАВРШЕНИ 84% ОД ИЗВЕДБЕНИТЕ РАБОТИ НА НА АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА

- Завршени се 84% од изведбените работи на атмосферската канализација во Гевгелија и проектот влегува во завршна фаза на реализација, информираа од стручниот надзор на проектот при увидот на градежните активности што го направи градоначалникот на Општина Гевгелија, Андон Сарамандов. Од страна на надзорот, исто така, беше информирано дека во следниот период ќе започне и изградбата на атмсферска канализација крак 2 – на потегот од железничката станица до градската библиотека. Вкупната должина на новата атмосферска канализација изнесува 6.500 метри и се поставува на една третина од територијата на Гевгелија.



Градоначалникот Сарамандов уште еднаш повика на трпение кај граѓаните, бидејќи динамиката на изведбените работи ја одредуваат правилата во градежништвото. Започнато е со интензивно затворање и асфалтирање на ископаните улици и ровови по завршените градежни работи во првата фаза. Нашата цел е, нагласи тој, да оставиме реализиран проект со долгогодишен бенефит и затоа изградбата треба и мора да биде квалитетна и според сите стандарди.

**Продадени четири градежни парцели во Караорман**

## ПОСТИГНАТА ЦЕНА ОД 1.200 ДО 2.230 ДЕНАРИ ЗА МЕТАР КВАДРАТЕН

На последното електронското јавно наддавање за оттуѓување на градежно земјиште во Општина Гевгелија, од огласените 5 градежни парцели за домување во станбени куќи во станбената населба Караорман во Гевгелија, беа продадени 4 парцели. На јавното електронско наддавање учествуваа 20 понудувачи, а четирите парцели, чија почетна цена изнесуваше 61 денар по метар квадратен, беа постигнати цени од 1.200 денари до 2.230 денари за метар квадратен.



По спроведената постапка за јавното наддавање, Комисијата за спроведување на постапки за отуѓување на градежно земјиште изготви поединечни записници и електронски ги достави до сите учесници на јавното наддавање. По изминување на законскиот рок од 3 дена за поднесување приговори од учесниците, ќе продолжи постапката за отуѓување на предметното земјиште согласно Законот за градежно земјиште. Во тек е законска постапка за оттуѓувањето и на петтата градежна парцела, за која е поднесен приговор заради техничка грешка при понудувањето највисока цена.

**ПС Гевгелија**

## ПОМАЛКУ СООБРАЌАЈКИ, ПОВЕЌЕ КРИВИЧНИ ДЕЛА

Бројот на кривичните дела во второто полугодие од минатата година е зголемен, за разлика од намалениот број на сообраќајќи - се наведува во Полугодишниот извешетај за јавната безбедност на подрачјето на Општина Гевгелија за 2022 година. Лани бројот на сообраќајните незгоди е намален од 81 на 62, а како причини се наведуваат - управување на возило под дејство на алкохол, брзо возење и недржење страна при движењето на патиштата. Зголемени се контролите во сообраќајот што резултира со зголемен број на казни на несовесните возачи, исклучување од сообраќај на возачите, како и привремено одземени возачки дозволи.



Од друга страна пак, се наведува во извештајот, зголемен е бројот на кривичните дела во второто полугодие на 2022 година во споредба со лани. Имено, бројот на кривични дела од 65 се зголемил на 81 во извештајниот период. Притоа, доминираат насилствата над деца: поведена е кривична постапка за три насилства врз дете, едно силување, еден полов напад на дете, кое не наполнило 14 години, како и едно одземање на дете. Во извештајот се констатира и зголемување на бројката на тешки и обични кражби во втората половина на 2022 година во однос на истиот период во 2021 година.

# ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ХИГИЕНА

Гевгелија е чист град - констатираат сите гости и намерници кои престојуваат или минуваат низ градот. Гевгеличани се малку покритични, кога е во прашање комуналната хигиена, како поради одделни инцидентни појави на ненавремено празнење на контејнерите. Но, уште повеќе поради неодговорното однесување на дел од граѓаните, кои отпадоците од својот двор наместо во контејнерите ги фрлаат наоколу. Како и да е, Гевгелија важи за чист град, што е особено важно поради нејзината местоположба и протокот на патници.

За комуналната хигиена во градот, како впрочем и во сите населени места, се грижи ЈПКД „Комуналец“, чија дејност, покрај другото е редовното одржување на депонијата кај Ново Конско и другите депонии во населените места, изнесување на комуналниот отпад и јавно одржување на улиците и другите јавни површини. Така, секојдневно се чисти шеталиштето во Гевгелија, а шест пати неделно дваесеттина улици во центарот на градот со над 140.000 м$^2$, како и Булеварот „Гевгелија“. Минатата година од сите населени места биле собрани и депонирани 19.500 тони комунален отпад.

Скоро сите населени места се обезбедени со контејнери, во поголемите населени места контејнерите се празнат двапати или еднаш неделно, а сметот редовно се собира и во туристичките населби Конско, Смрдлива вода, Ума, Серменин и Габрово лете - неделно, а зиме повремено. За поорганизирано собирање и депонирање на комуналниот смет од страна на ЈПКД„Комуналец“



лани беа набавени и поставени 75 нови пластични контејнери од 1,1 м$^3$ во Гевгелија, Миравци, Негорци, Прдејци, Смоквица, Мрзенци, Богородица, Милетково и Давидово.

## ПОДЕЛЕНИ 2.096 КАНТИ и 56 КОНТЕЈНЕРИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА КОМУНАЛНИОТ ОТПАД

ЈПКД „Комуналец“, во соработка со Општина Гевгелија, во рамките на втората фаза од спроведувањето на Проектот за селекција на отпад дистрибуираше 2.096 канти и 56 контејнери на домаќинствата во Гевгелија за селекција на комуналниот отпад. Според градоначалникот на Општина Гевгелија, Андон Сарамандов, со акцијата за селектирано третирање на комуналниот отпад од домаќинствата и правните лица, се овозможува поквалитетно управување со отпадот, а со тоа и поздрава и почиста животна средина. Досега, праксата, покажа дека резултатите од селекцијата се успешни. Селектираниот отпад од жолтите канти се собира одделно од неселектираниот комунален отпад, а динамиката за подигање на овој тип отпад навремено се најавува од страна на ЈПКД „Комуналец“.



**Еко акција**

## ЗАСАДЕНИ 258 ДРВЦА

Во рамките на пролетната акција на ЈПКД „Комуналец“ за хортикултурно уредување на Гевгелија, посадени се 258 дрвца на различни локации во градот. Така, 120 багремови дрвца се засадени на старата депонија кај Сува Река, 20 багремови дрвца долж каналот „Рауљ“, 8 дрвца јасен на улица „Железничка“, а по 20 дрвца бреза и 10 дрвца јасен се засадени на пешачката патека и зелена површина на улица „Гоце Делчев“. Со 25 дрвца бреза и 10 дрвца јасен обновен е паркот и дрворедот на улица „Маршал Тито“, додека 20 јасени, 15 дрвца бреза и десеттина други дрвца се засадени во дворот на Пионерски дом во Гевгелија.



## УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРИТЕ ДОЛЖ „ЖЕЛЕЗНИЧКА“

Во тек е уредувањето на тротоарите долж улицата „Железничка“ во Гевгелија. Изведбените работи, покрај уредувањето со павер-елементи, опфаќаат и проширување на тротоарите. Реконструкцијата се реализира по добиената дозвола за проширување на старите пешачки патеки од безбедносни причини, со цел да се обезбеди повеќе простор за движење и рекреација на граѓаните. Исто така, на неколку места, тротоарите се уредуваат и хортикултурно, со нови дрвја долж улицата „Железничка“.



# ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА ТЕАТАРОТ И ВО ГЕВГЕЛИЈА



Светскиот ден на театарот во Гевгелија беше одбележан со камишибаи интерпретација на сказната „Пепелашка“. Тринаесет дечиња од Драмската секција при ЈОУ Дом на културата „Македонија“ во Гевгелија, под менторство на Катица Џишева Дупарова, театарот го славеа со свое видување на детската претстава. Присутната публика имаше можност аудитивно и визуелно да ја доживее „Пепелашка“ преку детскиот глас на членовите на Драмската секција и илустрации во сценско кутивче, нацртани од ликовниот уметник Александар Јанев, кој раководи со Ликовната секција во рамки на ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија.

Пред оваа невообичаена интерпретација на „Пепелашка“, на публиката во Малата сала на Народниот театар во Гевгелија и беше прочитан дел од светската порака за Интернационалниот ден на театарот, напишана од египетската актерка Самиха Ајуб. Но, исто така, на публиката и беше објаснет терминот камишибаи - јапонска форма на театарско изразување: уметност на слики што зборуваат, се движат и раскажуваат приказна.

# „ВИНОЖИТОТО“ НА ВЛАДИМИР ТЕМКОВ ПРЕТСТАВЕНО ВО ГЕВГЕЛИЈА

Ликовниот уметник Владимир Темков од Кавадарци е чест гостин во Гевгелија и е добро познат на гевгелиската ликовна јавност. Овој пат, со изложбата во Ликовната галерија „Амам“ го претстави своето најново ликовно творештво, инспирирано од родниот крај. Тоа го потврди, при отворањето на изложбата, Јулијана Туриманџева, од ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов-Климе“ во Кавадарци:

- Оваа изложба претставува традиционално претставување на творештвото на Владимир Темков во последните неколку години, односно неговиот најнов циклус наречен „Виножито“, што подразбира спектар на бои слеани во платното, Но, насловот доаѓа од виното на Кавадарци со своите прекрасни бои, вкусови, ароми, како и од житото од познатиот циклус на житните полиња. Сето тоа споено во едно дело, го создава виножитото. Творештвото на Темков е интуитивно под впечаток на неговите внатрешни експресии кои се настанати при неговото соочување со убавините на природата, кои често се забележуваат на неговите слики.



Владимир Темков, всушност, преку своите дела зборува за убавината на природата на Тиквешијата. На своите платна и графики ги изразува искуствата од детство, младоста, растењето, па се до денес. Во сликите се отсликуваат житата, растенијата, онака како ги доживува, вознесено, чудно разубавени, со голема важност. Тиквешијата е инспирација, таа е израз на убавина за Темков, а птиците се посебна тема во неговата уметност. Владимир Темков е роден во Кавадарци, средно уметничко училиште, Педагошка академија и Факултет за ликовни уметности завршува во Скопје, каде и магистрира. Реализирал бројни самостојни изложби во земјата и во странство, а бил дел и од голем број на групни претставувања.

## STAND UP НАСТАП НА ВЕСНА БЕЈБИ ПЕТРУШЕВСКА



Актерката Весна Бејби Петрушевска во Народниот театар во Гевгелија гостуваше со stand up-претставата „Влези, не се соблакај“. Со оваа претстава, познатата македонска актерка во 2019 година, ја одбележа својата 25-годишнина од брак со Македонскиот народен театар. И овој пат, Весна Бејби Петрушевска успеа да ја насмее, но и да ја расплаче гевгелиската публика. Притоа, популарната Бејби испрати многу љубов преку раскажаните доживувања, приказни, случки, ситуации на забавен и едноставен начин.

# УРНЕБЕСНАТА КОМЕДИЈА „ПАЦИЕНТИ“ ИЗВЕДЕНА ВО ГЕВГЕЛИЈА

Актерите од ансамблот на Театар „Провокација“ уште еднаш ги воодушевија гевгеличани, но овојпат со урнебесната комедија „Пациенти“. Во организација на ЈОУ Дом на култура „Македонија“ од Гевгелија, на сцената на Народниот театар во Гевгелија актерите во театарската претстававата „Пациенти“ донесоа вистинско театарско освежување. Можеби и затоа што тема на претставата беа односите во бракот, за тоа како изгледа заедничкото живеење на партнерите, кои го негуваат егото наместо љубовта, во кое е присутна војната наместо спокојот.




Публиката едноставно се препозна во ваквите ситуации од секојдневието кога се разгоруваат брачни дебати, во кои не се избираат зборови и средства, само еден да е во право. Дополнителен квалитет на претставата е што брачната актерска двојка, Мирјана и Роберт Ристов, несебично го внесе своето големо искуство, со цел огледалото да стане што појасно и пореално. Улогата на Доктор Доце одлично ја донесе младиот и талентиран актер Радо Алесовски во оваа интересна претстава, во режија на Ѓорѓи Ризески.

# КУД „БРАЌА ТОЛЕВИ“ ЈА ПРОДОЛЖУВА ТРАДИЦИЈАТА

КУД „Браќа Толеви“ од Прдеј-ци и годинава го одржа својот традиционален фолклорен концерт „Традицијата продолжува“. На сцената во Младинскиот дом во Прдејци продефилираа младинците, како и ветераните членови на ова фолклорно друштво. Фолклорниот концерт беше збогатен и со учеството на КУД „Негорци“ од Негорци и почесните гости од Република Србија, КУД „Батајница“ од Батајница. Фолклорните друштва пред бројната публика ја презентираа со игра и песна љубовта кон традицијата и обичаите од различните краеви на Македонија и Србија.



Со овој концертот беше одбележана и 10-годишната соработка на КУД „Браќа Толеви“ од Прдејци со КУД „Батајница“ од Република Србија. Инаку, Концертот е поддржан од Општина Гевгелија преку Програмата за финансиска поддршка на проекти и програми од областа на културата за 2023 година.

# ГРАН ПРИ ЗА „БОЈМИЈА“ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ФЕСТИВАЛ ВО СВЕТИ НИКОЛЕ

Играорците од Ансамблот „Бојмија“ од Меѓународниот фестивал на изворна музика „Тодорица 2023“ во Свети Николе се вратија со освоена Гран при награда. На овој реномиран фестивал се претстави со влашки изворни песни и ора од гевгелискиот крај. Со ова, ансамблот „Бојмија“ го повтори успехот од 2018 година, кога, исто така, ја освоија првата награда во Свети Николе.

Инаку, со овој Меѓународен фестивал на изворен фолклор, Свети Николе го одбележа празникот на градот Тодорова сабота. Фестивалот започна со дефиле на учесниците низ градот, по што настаните продолжија со настапи во кино-салата во Домот на културата „Крсте Мисирков“. На фестивалот учествуваа фолклорни групи кои негуваат изворен фолклор од Македонија, Бугарија и Србија.



**На 1 и 2 јуни во Гевгелија**

# „КАЛИНКА 2023“



По неколкугодишна пауза, во Гевгелија се возобновува Интернационалниот детски фестивал „Калинка“, еден препознатлив гевгелиски музички бренд. Првиот детски фестивал „Калинка“ се одржа на 2 март 1992 година во Гевгелија, а во изминативе години испеаните песни се уште остануваат во сеќавање. Бидејќи, фестивалот „Калинка“ низ годините ја пишуваше својата музичка историја, влегуваше во секој дом, во секоја градинка и во секое училиште. Децата ги правеше радосни и среќни поради нивното учество, а публиката во и надвор од Гевгелија , задоволна од изведените песни.

- Со огромна чест и задоволство ја подржав иницијативата, како и сите натамошни активности за возобновувањето на овој детски фестивал, бидејќи тоа не само што го бараа граѓаните на Општина Гевгелија туку и поради фактот што Гевгелија и „Калинка“ имаат богата традиција. Првиот фестивал се одржа во 1992 година и во текот на изминатите години испиша богата музичка историја со над 500 исполнети детски песни. „Калинка“ стана своевиден гевгелиски музички бренд, познат не само на домашната туку и на меѓународната јавност, истакна



градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, на прес-конференцијата, посакувајќи им на организаторите успешен фестивал и што поуспешна презентација на општина Гевгелија преку вакви и слични културни настани. Имено, Советот на Општина Гевгелија, на предлог на Градоначалникот на општината, а во рамките на Програмата за финансиска поддршка на културни проекти и манифестации во 2023 година, додели 500.000 денари за возобнување на Детскиот музички фестивал „Калинка“.



Во изминативе години на „Калинка“ учествувале околу 600 солисти и над 3000 хористи и балерини. Децата од скоро сите градови во земјата учествувале на фестивалот, но, исто така, гостувале и претставници од 23 земји од Европа и светот. На „Калинка“ досега настапувале млади пеачи од: Србија, Хрватска, Словенија, Црна Гора, Бугарија, Албанија, Чешка, Молдавија, Грузија, Русија, Украина, Романија, Судан, Кореја, Нигерија, Полска, Виетнам, Сирија, Монголија, Ерменија, Унгарија Малта. Автори на песните биле композитори, музички педагози, текстописци и аранжери, познати и помалку познати и популарни автори на музика, текст и аранжман, од Македонија и од целиот Балкан.

На „Калинка 2023“ ќе бидат изведени околу 23 новокомпонирани детски песни од гевгелиски автори, но и автори кои му дале белег на фестивалот во минатото. Изведувачи ќе бидат деца од Гевгелија и регионот, но и од Радовиш, Валандово, Струмица, Скопје.

**Александар Стојанов, уметнички директор на Детскиот музички фестивал „Калинка 2023“**

# ПРОДОЛЖУВА ТРАДИЦИЈАТА НА НАЈРЕНОМИРАНИОТ ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ

**Како се одвиваат подготовките за годинашниот Детски музички фестивал „Калинка 2023“?**

- Активностите на Интернационалниот детски музички фестивал „Калинка 2023“ се при крај и се во завршна фаза. На 5 април 2023 година започна снимањето на дел од песните, додека на 10 април 2023 се снимаа останатите песни, заедно со детскиот хор. Потоа следи аранжман на истите, продукција, постпродукција, ремикс и на крај мастеринг за снимање на ЦД.

**Колкав е бројот на дечиња кои ќе земаат учество на Фестивалот?**

- Вкупниот број на учесниците на „Калинка 2023“ изнесува околу 100 члена. Во оваа бројка влегуваат децата од хорот, танцовата група, како и сите солисти. Очекуваме и извесно зголемување на бројот на учесниците.

**Како сте задоволен од досегашниот тек на активностите околу организација на Фестивалот?**

- Сите активности се одвиваат согласно планирањата за организација на оваа манифестација. Сакам да изразам голема благодарност за изразената поддршка од страна на Општина Гевгелија за возобновување на Меѓународниот детски музички фестивал и организирање на еден ваков голем настан. Добивме финансиска и логистичка поддршка, а имаме и постојана поддршка околу промоцијата и маркетинг на Фестивалот. Се под-готвува рекламниот материјал за фестивалот, обезбедени се просторни услови за непречено одржување на активностите, како и подготовка на изведувачите. Организацијата се одвива непречено и се надевам дека навреме ќе бидат завршени сите подготовки.





**Колку фестивалски вечери ќе бидат одржани во Гевгелија и дали се планирани гостувања во Регионот и пошироко во државата?**

- Според Планот на активности, предвиени се околу 20 предфестивалски вечери – 15 од нив ќе бидат наменети за децата во основните училишта и градинките. Во рамките на фестивалските вечери кои ќе започнат од 29 мај за дечињата од градинките и училиштата, предвидена е главна вечер, гала вечер, фестивалска вечер наменета за спонзорите и една посебна вечер за децата од здружението „Мајка Тереза“ и за штитениците во Центарот за лица со посебни потреби во Гевгелија. На Фестивалот ќе учествуваат и деца од други градови на државата, како: Радовиш, Валандово, Струмица, Скопје, така што се предвидени и гостувања, кои дополнително ќе бидат најавени.

**Каква порака ќе упати „Калинка 2023“ преку песните што ќе бидат изведени?**

- Фестивалот ќе испрати една и единствена порака до сите деца: да му се радуваат на безгрижното детство, но и да почитуваат и да ги исполнуваат своите обврски, бидејќи така подготвено ќе зачекорат во животот. Текстовите на песните се инспирирани од секојдневниот живот, за првата љубов, за мечето на Ана, за братче и сестричка, за спорт, за прваче. Генерално, на Фестивалот ќе бидат изведени интересни детски песнички, кои лесно се учат и се лесно певливи, но и лесно разбирливи за децата.

**Што значи враќањето на „Калинка“ на музичката сцена во Гевгелија?**

- Продолжување на традицијата на најреномираниот детски музички фестивал во регионот и повторно заживување на детската песна во општина Гевгелија. Исто така, самиот Фестивал, пред и по неговото одржување, има и посебно значење за социјализацијата на децата, бидејќи им овозможува преку музика и песна да се дружат. Поголем дел од своето слободно време, наместо на телефоните и таблетите, да го исполнат со музика. Што се однесува пак до самиот Фестивал, „Калинка 2023“ повторно се враќа во редот на реномираните фестивали на државно ниво. Гевгелија ќе докаже дека знае да пее и дека има што да покаже и дека преку труд, работа и добра организација се постигнува успех.

# ПРИНЦЕЗАТА ОД МИЛЦИ МЕЃУ „ПРВИТЕ КРАЛЕВИ НА ЕВРОПА“ ВО АМЕРИКА

**- Дури по Изложбата „Првите кралеви во Европа“ во Америка, прицезата со култната палка од Милци, кај Гевгелија, ќе добие вистинска музеолошка, научна и маркетиншка вредност, вели Бобан Хусеновски, археолог, кустос-советник во НУ Музеј во Гевгелија.**

- Првичните разговори за наше учество на една ваква значајна изложба со претставникот на Филдовиот музеј, д-р Атила Гјуча, се случија есента 2019, при неговата посета на Скопје, кога во Археолошкиот музеј на Македонија беше отворена Изложбата „Статусни симболи на пајонските заедници“, организирана од страна на Археолошкиот музеј на РС Македонија и НУ Музеј - Гевгелија. На таа изложба, покрај другите наоди од некрополата Милци и Лисичин Дол - Исар Марвинци (Валандово), беа претставени гробните прилози од гробот 111 на некрополата Милци кај Гевгелија, посочени како индикативни наоди, кои, всушност, претставуваат статусни симболи на погребаната благородничка, вели Бобан Хусеновски, археолог кустос-советник во НУ Музеј - Гевгелија, кој беше вклучен од самиот почеток во преговорите, подготовката и организирањето на македонскиот дел од изложбата.

**Од кога потекнуваат наодите за гробот на Принцезата од Милци?**

- Овој гроб беше откриен во текот на систематските ископувања во 2014, а за првпат резултатите и анализите од неговото проучување беа објавени во 2018, во списанието „Патримониум“ бр. 16. Уште тогаш првите заклучоци ја потврдуваа мојата теза дека се работи за личност која во локалната заедница имала исклучително висок статус, која подоцна популарно ја именуваме како „Благородничка / Принцезата од Милци“. Овие вредности беа забележани и кај наодите од идентичната некропола Лисичин Дол (Исар – Марвинци), на која подолго време работеа колегите од Археолошкиот музеј на Македонија од Скопје, а со колешката д-р Александра Папазовска ја осмисливме и приредивме спомената изложба. Концептот на Изложба „Статусни симболи на пајонските заедници“, зад која стојат двете национални установи, некако се совпадна со идејата на колегата Атила Гјуча од Филдовиот музеј, кој беше присутен на отворањето и промоцијата на каталогот на истата изложба. Веднаш потоа, дојде и неговиот предлог за наше учество на Меѓународната изложба „Првите кралеви на Европа“. Подготовките траеја сè до август оваа година, но како и отворањето на изложбата во САД и дел од подготовките беа попречени и одложени заради присутната пандемија.

**Во што е големината на ова прво претставување на артефакти од локалитети во Југоисточна Европа и Балканот, во Северна Америка?**

- Пред се, индикативно е што ваква тематска изложба, со наслов: „Првите кралеви на Европа“ досега не е организирана во Европа, иако, сите артефакти се откриени токму на нејзина територија. Таа ја обединува сликата за економските, воените и културните промени, општествени процеси кои се случувале и траеле на одредени простори во Европа, во дадената временска рамка од неолитскиот период до крајот на железното време во почетокот на 5 век пр. н. е. Тоа е долготраен процес на трансформацијата од политички и социјално рамноправни племенски организации до појава на обележја за формирање на првите кралства во Европа.






**По гостувањето во Институтот за дрвни студии во Њујорк, Изложбата „Првите кралеви на Европа“, во која се вклучени и значајни артефакти од Македонија, на 30 март годинава, беше претставена во Филдовиот музеј во Чикаго, а подоцна и во Националниот историски музеј во Отава, Канада. Ова е дел од тригодишната турнеја на Изложбата во САД и Канада, во која учествуваат 23 Музеи од 11 европски земји. Од Македонија вклучени се тимовите на Завод и Музеј Битола, Музеј Гевгелија и Завод и Музеј Прилеп. Меѓу артефактите, посебно внимание привлекуваат наодите од гробот 111 на принцезата од Милци, археолошки локалитет и некропола што се наоѓаат во близина на граничниот премин „Богородица“. Македонските музеи учествуваат со 19 репрезентативни артефакти: Скиптарот од Шуплевец од Битола, неолитскиот жртвеник од Врбјанска Чука кај Прилеп и 17 гробни метални прилози од гробот 111 (благородничката/принцезата од Милци) од некрополата Милци кај Гевгелија, која, всушност, е „костур“ на нашата изложба.**

**Поголемиот број на артефакти доаѓаат од Гевгелија, поточно, од некрополата на локалитетот Милци?**

- Некрополата Милци е една од двете праисториски некрополи (покрај Сува Река), на локалната заедница која егзистирала во рамки на праисториската населба на Вардарски Рид, во антиката позната како Гортинија. Милци и Сува Река се организирани јавни простори за погребување на покојниците од заедницата, односно на лицата кои некогаш живееле во рамки на праисториската населба. Се работи за рамна некропола, во која инхумираните покојници биле положувани во цисти и слободни јами. Периодот на нејзината употреба е датиран помеѓу крајот на 8. и самиот почеток на 5. век пр. н. е. Во оваа културно и хронолошки компактна праисториска некропола се појавуваат и поединечни помлади гробни целини, како што е гробот на воениот аристократ (гроб 103) од втора четвртина на 5. век пр. н. е. или гробот 195 од 4. век пр. н. е., во која беше откриена монета на македонскиот владетел Касандар (316-297). И двете споменати некрополи во науката се припишуваат на пајонската популација, чии племенски заедници го населувале токму во овој простор, поширокиот појас на Вардар (Аксиј) и Долното Повардарје. Како пандан на пајонскиот карактер на некрополата, во текот на ископувањата на Вардарски Рид откриени се две сребрени монети на пајонското племе Орески (од крај на 6. век пр. н.е.) што не мора да се земе за референтен податок дека токму ова племе го населувало локалниот простор. Она што е најинтересно е, што до денес, на некрополата Милци се откриени точно 236 гробни целини, а само во оној под ознаката гроб 111 за првпат покрај една покојничка откриена е култна палка во јасен и дефиниран археолошки контекст.

**Дали наодите на принцезата од Милци се највредните артефакти од тоа време и кажете ни нешто повеќе за откривањето на оваа гробница?**

- Овој гроб го откривме во текот на ископувањето во 2014 и на почетокот тој не предизвика посебно внимание, бидејќи не беше поставен на некое доминантно место, а и техниката на градење беше вообичаена како и кај другите




гробови. Но, со подигање на камените плочи на покривната конструкција, забележавме дека составот на земјата во комората има интензивна зелено/сина боја што беше индикативно за голема количина на метални-бронзени гробни прилози. Внимателно, со употреба на метал детектор, откривме примероци на „македонско/пајонски" култни бронзи кои во каталогот на праисториските пајонски наоди се ретки или дури уникатни. Она што не израдува,



беше фактот што гробот од времето на погребување на покојничката до моментот на отворањето не бил отворен. Позицијата на покојничката беше интактна, а покрај нејзината десна страна беше приложена култна палка. Се работи за дрвен стап со два бронзени опкови на краевите, на чиј врв бил поставен композитен висулец во улога на соларен симбол, во контекст на почитуваниот соларен култ карактеристичен за пајонските племиња. Со овој откриен материјален и археолошки факт, можевме слободно да го потврдиме пишаниот податок споменат во изворите на Максим од Тир, (филозоф од 2. век пр. н. е.), каде што пишува дека Пајонците во текот на своите култни обреди со себе носат палки/стапови, на чиј врв се наоѓа соларен симбол. Во археологијата ретко се евидентирани вакви случаи кога теренските артефакти го потврдуваат посочениот пишан извор.

**Како е претставена Прицезата на оваа репрезентативна изложба?**

За потребите на изложбата во Скопје и Северна Америка, изготвив можна реконструкција на автентичната состојба на покојничката, која мојот колега документатор - советник Ѓорѓе Гушев со извонреден ликовен приказ ја „оживеа". Во текот на Изложбата „Статусни симболи на пајонските заедници", во Археолошки музеј на Северна Македонија, овој наод кај упатените посетители предизвика најголемо внимание, а ценам и кај претставникот на Филдмановиот музејот д-р Атила Гујча, што беше пресудно за гробот на благородничката од Милци да биде интегрално претставен на Меѓународната изложба кај сите три Музеи во Северна Америка. Затоа, мислам дека дури по завршувањето на Изложбата во Северна Америка кога благородничката/принцезата од Милци ќе ја видат повеќе од милион посетители, како што нагласува организаторот, таа дури тогаш ќе ја добие вистинската вредност во меѓународни рамки, а посебно кај нас. Во домашниот простор, таа со себе носи далекусежни музеолошки, научни и маркетиншки вредности кои можат да се искористат во промоција на НУ Музеј – Гевгелија, општината Гевгелија и државата.

**Активности на Локалниот младински совет**

# МЛАДИНСКА РАБОТИЛНИЦА ЗА ДЕНОТ НА ЖЕНАТА

Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, во рамките на своите програмски активности, организираше работилница за учениците во СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија.  На работилницата на тема „Правата на жените низ историјата и денес“, по повод 8 Март, учествуваа ученици од прва и втора година на овој средноучилишен центар. Памела Петровска, член на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија и Ангела Шаренкова, претседател на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, зборуваа за почетоците на борбата за економска, политичка и социјална рамноправност на жените со мажите и растежот на феминизмот низ историјата преку предводничките на женското движење за родова еднаквост.




По презентацијата и дискусијата за правата на жената во 21 век, следуваше креативниот дел од работилницата. Учениците изработуваа осмомартовски картички со пораки за жената, кои по завршувањето им ги поделија на директорката, Марија Танева, професорките во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија и на своите најблиски од понежниот пол.Работилницата се организираше во рамки на годинашното мото за Интернационалниот ден на жената, #EmbraceEquity (Да ја прифатиме еднаквоста), а во соработка со Средношколската заедница во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија.

## ДЕБАТА ЗА НАЦРТ - НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

Членовите на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, службеникот за млади од Општина Гевгелија, како и претставник од РЦОР-Гевгелија, на покана од Агенцијата за млади и спорт, учествуваа на регионалната средба во Струмица. На средбата беа изнесени предлози и забелешки по Нацрт-верзијата на новата Национална стратегија за млади 2023-2027 година. Средбите се организираа во сите плански региони во државата, а во рамки на втората фаза за консултации со младите, младинските организации, организациите за млади, на локалните самоуправи и Локалните младински совети за давање придонес во подобрување на овој стратешки документ.

Процесот за изработка на новата Национална стратегија за млади 2023 - 2027 го спроведува Агенцијата за млади и спорт со поддршка на партнерите: Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Фондот за население на Обединети нации - УНФПА и Програмата за развој на Обединети нации - УНДП. Во неа се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите.



**На Пијано - викенд во Битола**

# УСПЕШЕН НАСТАП НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООМУ „ВАСО КАРАЈАНОВ“

Младите пијанисти од ООМУ„Васо Карајанов“ во Гевгелија учествуваа на Пијано - викендот во Битола, во организација на Здружението на пијанисти и музички педагози ПИЈАНО, а во чест на прославата на Денот на пијаното - 27 март. На оваа манифестација, учествуваа 50 млади музички таленти од 8 музички училишта низ државата - Охрид, Струга, Битола, Прилеп, Кавадарци, Велес, Скопје и Гевгелија. Гевгелиското музичко училиште го претставија учениците Благоја Стоев и Јована Дупарова од класата на проф. Александар Лазаров и Душко Димитров и Илија Димов од класата на проф. Влатко Сапламаев.



Настанот беше збогатен со предавањето на психолог Нина Тасевска на тема: „Улогата на наставникот во надминување на психолошките предизвици при јавен настап“, како и настап на триото „Трифоника“ – пијано 6 раце. Според  директорката на ООМУ „Васо Карајанов“, Сузана Стефанова, Пијано-викендот минал во прекрасна атмосфера, бил исполнет со дружење, споделување на искуства, како и заедничко музицирање на младите таленти од целава држава.

# Во СОУ„Јосиф Јосифовски“ МЕСТА ЗА 295 УЧЕНИЦИ

Министерството за образование и наука го објави Конкурсот за упис на ученици во јавните средни училишта за учебната 2023/2024 година. Согласно наставните планови и програми, во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, во учебната 2023/2024 има 295 слободни места за упис на ученици во прва година, распоредени во 10 паралелки, со настава на македонски јазик. Од кои:

- 3 паралелки Гимназиско образование - 102 ученика, 4-годишно образование, 60 поени минимум;

- 1 македонско-англиска билингвална паралелка - 34 ученика, 4 - годишно образование, 60 поени минимум;

- 2 паралелки со 50 ученика во Угостителско-туристичка струка, од кои 1 паралелка со 25 ученика, профил Хотело-туристички техничар, 4-годишно образование, 45 поени минимум и 1 паралелка со 25 ученика, профил Келнер и готвач, 3-годишно образование, 45 поени минимум (соработка со ФОРТУНА ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Гевгелија, ДПТУШ БОКО ДООЕЛ, ПРИНЦЕС ГРУП ДОО-РАМАДА ПЛАЗА ХОТЕЛ Гевгелија, ФЛАМИНГО МАКОТЕН ДООЕЛ Гевгелија, МД ТОП ГРУП 2018 ДОО, ЗУ Природно лекувалиште Негорски Бањи);

- 1 паралелка со 25 ученика, Економско - правна и трговска струка, профил Економски техничар/бизнис, 4-годишно образование, минимум 60 поени (соработка со КАМ ДОО, Фонд за здравствено осигурување, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија и со Општина Гевгелија);

1 паралелка со 25 ученика, Здравствена струка, профил Гинеколошко - акушерска сестра и физиотерапевски техничар, 4-годишно образование, 70 поени минимум (соработка со ЈЗУ Општа болница Гевгелија, Негорски Бањи АД Гевгелија, ПЗУ ДЕЈНЕКА);



2 паралелки со 59 ученика, Машинската струка, од кои 1 паралелка со 25 ученика, профил Машински техничар за моторни возила, 4-годишно образование, 45 поени минимум и 1 паралелка со 34 ученика, профил Автомеханичар- заварувач, 3-годишно образование, минимум 30 поени (соработка со ДПТ ДОЈРАН СТИЛ, КОНТИ ХИДРОПЛАСТ ДООЕЛ Гевгелија, МОТО ПРОМ ДООЕЛ Гевгелија, ВИДИА Ване ДООЕЛ, АМД Гевгелија ДОО, ЦТП ГРУП ДООЕЛ, ДТ ПЕТ НЕТ ДОО, ДПТУ ФЕЛИКС НЕТ, ДПТУ ЛЕВСКИ ДООЕЛ).

Пријавувањето и запишувањето на учениците ќе се врши во еден уписен рок, со две пријавувања во јуни 2023 година преку порталот за електронски услуги на МОН: https://e-uslugi.mon.gov.mk со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk. Првото пријавување на учениците ќе биде на 20 и 21 јуни, а второто пријавување на 27 и 28 јуни.

**На Меѓународниот конкурс во Трст**

# СПЕЦИЈАЛНА НАГРАДА ЗА ПОЕМАТА НА ГЕВГЕЛИСКИТЕ УЧЕНИЧКИ

На XIX Меѓународен конкурс за поезија и театар „Замокот на Дуино“ во Трст, Италија, СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија доби специјалната награда за училишниот проект: „Насмевки на душата“. Со овој проект се претставија учениците од гевгелискиот Средноучилишен центар- Боркица Ѓоргиева, Емилија Ванчева и Данче Стоименовска, под менторство на професорката Тања Чугунцалиева. Специјалната награда е посебно значајна ако се има предвид силната конкуренција: на конкурсот учествуваа 49 земји од светот со 2. 000 пријавени песни.

- Главен мотив за поемата беа борбата и приказот на страдањата на луѓето низ војните и низ сето она низ кое може да помине човек без своја волја, велат учениците. Најважно од се, беше пораката дека треба да се бориме и да не дозволиме болката да не обесхрабри и обликува во тажни и безнадежни суштества, не давајќи и на среќата да допре до нас. Во поемата ја прикажавме важноста на животот, на среќата на душата прикажена низ насмевката на лицето на човекот, велат гевгелиските ученици и нивниот ментор, изразувајќи голема благодарност до Општина Гевгелија и до Градоначалникот Андон Сарамандов, кој овозможи да се реализира нивниот престој во Трст, Италија.



На Првата трка од Македонскиот мотокрос шампионат на патеката Милци кај Гевгелија

# ОГНЕН ТОДОРОВ И ДИМИТАР МАЏУНКОВ ПРВИ ВО СВОЈАТА КЛАСА

Првата трка од Македонскиот мотокрос шампионат, кој го организираше Мотоциклистичката федерација на Македонија и Мотокрос клуб Гевгелија, се одржа на Мотокрос-патеката „Милци" во Гевгелија. На трката, покрај моторџиите од државата, учествуваа и натпреварувачи од соседите држави, Република Србија и Република Грција. Трките беа организирани во 8 класи и тоа: МХ 50, МХ65, МХ85, МХ2 јуниор, МХ2, МХ сениори, МХ и МХ1.

Натпреварувачите од гевгелискиот Мотокрос клуб, оствариja голем успех. Огнен Тодоров го зазеде првото место во Класата МХ2 јуниори, Димитар Маџунков го освои првото место во Класата МХ, а Саше Трајков, го зазеде третото место во Класата МХ1. Од вкупно 53 натпреварувачи, медал за најдобар пласман добија 21 натпреварувач. Организаторите не го криеја задоволството од успешноста на трката, како од бројот на натпреварувачи, така и од посетеноста од публиката, Истовремено, најавија дека наредната трка од Мотокрос шампионатот ќе се одржи на 14 мај, на патеката „Орман" во Скопје.




Првата трка од Македонскиот мотокрос шампионат, која се одржа на патеката „Милци" во Гевгелија, е поддржана од Општина Гевгелија преку Програмата за финансирање на спортските активности за 2023 година. Покрај финансиската поддршка, од Општина Гевгелија беше обезбедена и организациона поддршка. Со тоа, мотоциклистите од Гевгелија и земјата повторно се враќаат на патеката „Милци".

На Меѓународниот ракометен турнир за ветерани во Сараево

# ЖРК „ЈУГ" ГО ОСВОИ ЧЕТВРТОТО МЕСТО

Сараево беше домаќин на 1. Меѓународен ракометен турнир за жени и мажи ветерани „Сараево, љубов моја 2023", кој се одржа во салата на КСЦ „Сабит Хаџиќ" во Илиџа. На овој вистински спортски спектакл што го организираа Туристичкиот одбор и Ракометниот клуб на ветерани од Сараево, БиХ, учествуваа над 400 натпреварувачи. Во силната ракометна конкуренција, силите ги одмеруваа 32 екипи на ветерани од: Хрватска, Македонија, Словенија, Црна Гора, Србија и Босна и Херцеговина. Екипата на ЖРК „ЈУГ" од Гевгелија, беше еден од учесниците на турнирот, кој забележа солиден успех. Гевгелиските ветеранки го освоија одличното четврто место и достоинствено ја претставија општина Гевгелија и нашата земја, како и многу пати досега.

„Впечатоците се феноменални. Собравме повеќе од 400 натпреварувачи од целиот регион за одличен турнир. Се беше фер и коректно на теренот, со многу



убави потези и голови. Им честитаме на победниците и најавуваме дека следниот турнир ќе го одржиме и година. Сите натпреварувачи се навистина полни со впечатоци, а социјалните мрежи на нашата ракометна јавност се исполнети со фотографии и видеа од Сараево", истакнаа организаторите.

# ОДРЖАН ПРВИОТ МЛАДИНСКИ НАТПРЕВАР ВО ШАХ

Шаховскиот клуб „7 Ноември" од Гевгелија беше организатор на Првиот шаховски натпревар „Младински гранд при 2023 година", на кој учествуваа 14 млади шахисти од Гевгелија и Валандово. Младите одиграа 7 партии по швајцарски систем, а победата со освоени 7 поени ја понесе Кристијан Казазов. Со 6 поени, второто место му припадна на Ефе Ибраимов, додека со 4 поени Илија Велков се пласираше на третото место.

Задоволен од одржувањето на младинскиот натпревар во шах, претседателот на Клубот, Пепи Танчев, истакна дека до крајот на годината ќе бидат организирани уште неколку натпревари, со цел да се добие најдобриот младинец во шах од општина Гевгелија. Всушност, тоа беше и една од целите при отворање на Клубот, да се поттикне аналитичката способност кај децата и нивниот здрав натпреварувачки дух. На натпреварите ќе можат да учествуваат сите млади од петто до деветто одделение.



**Гевгелиските атлетичари продолжуваат со успешните настапи**

# ВО КАТЕРИНИ НАСТАПИЈА 44 ЧЛЕНОВИ НА АК „7 НОЕМВРИ“

Над 700 атлетичари од сите возрасти испратија пораки за мир од Катерини, соседна Грција, од 12-та трка на А.П.С. Pieria Runners „ZEUS“: „KATERINI RUN 2023“. Меѓу нив беа и 44 членови на АК „7 Ноември“. Најуспешни на 5 километри беа Атанас Епов, кој го освои второто место, а меѓу првите десет се пласираа и Марјан Туртуров, Никола Ковачев и Влатко Семенаков. Во трката на 21 километар, Ристо Чалков го освои десеттото место во генерален пласман, а прв во својата категорија. Почетокот и финишот на трката, која поминува низ најпопуларните места на Катерини, беше наплоштадот Елефтерија, под планината Олимп.



# МЕЃУ ПРВИТЕ НА ТРКАТА ВО ВЕРИЈА

На 5. Меморијална атлетска трка „5. улица на 21 студент“ во Верија, Република Грција, екипата на АК „7 Ноември настапи со 6 атлетичари. Гевгелиските атлетичари во трката на 10,4 километри, во која учествуваа 216 атлетичари, постигнаа добри резултати. Насе Епов го освои второто место, Ристо Чалков беше трет, Влатко Семенаков го освои петтото место, Никола Ковачев единаесеттото, Дарко Прошевски се пласираше на четириесеттото место, додека Игор Коцевски заврши на деведесет и четвртото место.




# АТАНАС ЕПОВ И ВАЛЕНТИНА УЗУНОВА ПРВИ НА КАВАДАРЕЧКИОТ МАРАТОН

На 5. Кавадаречки полумаратон под мотото „Го сакам Кавадарци“, учествуваа 420 тркачи, кои трчаа на 5, 10 и 21 километар, а меѓу нив и шеснаесетчлена екипа на АК „7 Ноември“ од Гевгелија. Атанас Епов го освои првото место во трката на 5 километри во машка конкуренција, Никола Ковачев беше петти, а Никола Нанчев тринаесетти. Александра Крајчева, Магдалена Јованова и Натка Стоева успешно настапија во женска конкуренција. На 10 километри, шестото место го освои Ристо Чалков, во машка конкуренција, Влатко Семенаков беше тринаесетти, а настапија уште и: Стојан Делев, Мики Петровски, Дарко Прошевски, Живко Петков и Димче Андреев. Александра Крајчева, Магдалена Јованова и Натка Стоева успешно настапија во женска конкуренција. Во полумаратонската трка кај жените, во групата +51, првото место го освои Валентина Узунова, а во генерален пласман беше четврта.



**На Меѓународната трка во планинско трчање „Водно-Матка Треилс“**

# ВАЛЕНТИНА УЗУНОВА ПРВА ВО СВОЈАТА КАТЕГОРИЈА

На Шесттата меѓународната трка во планинско трчање „Водно-Матка Треилс” во околината на Скопје, учествуваа 522 учесници од 26 држави. Меѓу нив се најдоа и Валентина Узунова од ЗПСК „КОЖУФ“, која во трката на 40 километри беше прва во категоријата +55, а осма во генералниот пласман кај жените. Додека, Методија Ичев од ЗПСК „Кожуф“, во трката на 27 километри во категоријата +35 го освои шестото место, додека во генерален пласман беше 36.

„Водно-Матка Треил“ Маратонот е поголемата трка, во која учествуваа 229 натпреварувачи. „Водно-Матка Треилс“ и е еднодневен спортски настан – трка во планинско трчање со должина од 40 километри и висинска разлика од 2700 метри. Трката се одвива во околината на градот Скопје, на планината Водно и во кањонот Матка, област која изобилува со природни реткости и културни споменици од минатото.



# АПРИЛИЈАДА 2023



Денот на шегата - 1 Април во Гевгелија беше одбележан со традиционалната манифестација „Априлијада“, во огранизација на ЈОУ Пинерски дом „Јосип Броз Тито“. Низ улиците во Гевгелија продефилираа децата од ЈОУДГ „Детска радост“ и учениците од I до V одделение во основните училишта, облечени и маскирани во ликовите на популарни детски јунаци, но и во групни креации. На градскиот плоштад, најмладите своите групни маски ги презентираа пред жири-комисијата, а со својата креативност ги одушевија многубројните присутни на оваа традиционална манифестација.

За најдобра маска беше прогласена маската „Фаланга“ на учениците во IV2 при ООУ „Владо Кантарџиев“. Втората награда ја освоија учениците од IIа одделение во ООУ„Крсте Мисирков“ за маската „Шах-мат“, Третата децата од ЈОУДГ „Детска радост“ за маската „Веселко“ група Зајачиња. Четвртата награда и припадна на групната маска„Балонот на Бенкси“ на учениците од Vб во ООУ„Крсте Мисирков“, додека Петтата награда на маска „Загатка“ на учениците од II2 во ООУ „Владо Кантарџиев“.










# „МИСТИК“ СО СПЕЦИЈАЛНА НАГРАДА ВО БЕЛГРАД

Младите танчерки и танчери на Mystic dance од Гевгелија остварија одличен резултат на International DANCE Open Belgrad 2023 што се одржа во главниот град на Србија, Белград. Членовите на Mystic dance учествуваа во 6 конкуренции и освоија шест први места, а, исто така, влегоа во Гала најдобрите 30, со Хипхоп деца 1 и Хипхоп формација сениори. Прекрасната сцена ја споделија со танчери од повеќе земји кои настапија во позитивен, наградувачки и возбудлив амбиент. Ова е заеднички успех на сите и е едно од поуспешните учества на нашето студио на некое натпреварување. Особено сме горди на двете учества на Гала настанот и се надеваме дека во блиска иднина ќе се најдеме и на пиедесталот, изјави по натпреварот Александар Аврамов, водачот на гевгелиските танчери.



# ТРИ ДЕЦЕНИИ ЕНИГМАТИКА



По повод 30 години постоење на ЕК „Цепиум“- Гевгелија, во хотелот „Аполонија“ во Гевгелија, се собра дел од елитата на енигматичари од Република Македонија. На натпреварот во решавање енигматски проблеми, учествуваа вкупно 17 натпреварувачи од повеќе градови во Македонија. Првото место го освои Ангел Милков од Радовиш, втор беше Сашо Стојев од Скопје, додека третопласиран беше Ѓоко Зороски од Охрид. Најдобро пласиран натпреварувач од Општина Гевгелија беше Ванчо Франгов, кој го освои петтото место.




# МОМЧИЛО ДЕЛЕВ МЕЃУ НАЈДОБРИТЕ

Во Струмица, се одржа Меѓународен натпревар во пинг-понг, на кој учествуваше и нашиот сограѓанин, Момчило Делев од Негорци, Гевгелија. Момчило се пласираше меѓу најдобрите 16 од вкупно 48 учесници на Натпреварот. Учество на Турнирот зедоа играчи од Македонија, Србија и Бугарија. Исто така, Момчило Делев во месец август го освои првото место на Првиот турнир во пинг-понг што се одржа во Гевгелија, во организација на Општинската организација на Црвен Крст, а под покровителство на Општина Гевгелија.

# АУДИЦИЈА ЗА АКТЕРИ



ЈОУ Дом на култура „Македонија“ во Гевгелија, за поставување на театарската претстава „Bad сарма“, во сопствена продукција, објави повик за пријава на професионални и актери аматери, како и љубители на театарот, за учество на аудиција. Изборот на актерите ќе се одржи на 19 април, 2023 година, во Народниот театар во Гевгелија, со почеток во 19 часот. Идните актери ќе бидат дел од театарската претстава „Bad сарма“, чиј автор на драмскиот текст е Стефан Марковски, а ќе ја режира струмичкиот актер, Васил Михаил. Заинтересираните актери треба да пратат пријава за учество на аудицијата, со биографија, во која ќе биде и наведено искуството на сцена или мотивационо писмо за желбата за глумење на следнава е-маил адреса: d.kulturagvg@gmail.com.

# ГЕВГЕЛИЈА СО НАЈГОЛЕМ БРОЈ СТРАНСКИ ТУРИСТИ И НОЌЕВАЊА

Во Гевгелија, минатата година, биле остварени 47.637 ноќевања, главно, странски туристи, поради што е еден од најпосетуваните градови во Македонија со најмногу туристички ноќевања. Според податоците на Државниот завод за статистика, во Гевгелија секој месец престојуваат по неколку илјади туристи, од кои повеќето се странски. Лани, во јуни се евидентирани 3.276 странски туристи, кои реализирале 5.671 ноќевања. Во јули, минатата година, имало 4.827 странски туристи, кои оствариле 7.703 ноќевања од странски гости. Додека во август се регистрирани 2.608 странски посетители, а бројот на ноќевања е 5.125. Најголемиот број од нив се Грци, кои традиционално доаѓаат секојдневно, но се поголем е бројот на српските туристи, кои на пат за Грција во текот на летните месеци задолжително останувааат во Гевгелија.

Затоа, и Гевгелија, годинава, по вторпат се претстави на 44. Меѓународен саем за туризам во Белград, Република Србија, ја презентираше својата туристичка понуда под слоганот Gevgelija Spice up the journey. На штандот беше презентиран голем дел од изработените промотивни материјали, како дел од туристичката платформа што ја утврди Општина Гевгелија. На бројните посетители им беа понудени маици, флаери, брошури, сувенири, магнети, беџови и промотивни торби, како дел од понудата за овогодинешниот Саем. Новата туристичка платформа на Општина Гевгелија, всушност, се потпира на туристичките погодности, пред



се, природните планински убавини и можности за рекреација, постојниот казинотуризам заедно со културните придружни манифестации, здравствениот туризам во подем, гастрономскиот туризам, кој веќе е афирмиран, како на север, така и на југ од Гевгелија, но, и се уште неискористениот потенцијал на културниот туризам.







КАЛИНКА

Интернационален детски музички фестивал









ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН
Издавач Општина Гевгелија,
ул. „Димитар Влахов“ 4 Гевгелија
Тел/факс: 034/211211 | www.gevgelija.gov.mk | gevgelijainfo@gevgelija.gov.mk